Република Северна Македонија

**Министерство за информатичко општество и администрација**

Отворено Владино Партнерство **Северна Македонија**

НАЦРТ

# ДЕЛОВНИК

за работа на Советот за координација и следење на процесот на Отворено владино партнерство и Националниот Акциски план за Отворено владино партнерство 2018-2020 година

Скопје, ____ јуни, 2020 година

Република Северна Македонија

Министерство за информатичко општество и администрација

Отворено Владино Партнерство Северна Македонија

Врз основа на член 7 од решението за формирање на Совет за координација и следење на процесот на Отворено владино партнерство и Националниот Акциски план за Отворено владино партнерство 2018-2020 година бр. 03-1550/1 од 14.04.2020, Советот за координација и следење на процесот на Отворено владино партнерство и Националниот Акциски план за Отворено владино партнерство 2018-2020 година, на седницата одржана на _._.2020 година донесе

# ДЕЛОВНИК

## за работа на Советот за координација и следење на процесот на Отворено владино партнерство и Националниот Акциски план за Отворено владино партнерство 2018-2020 година

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

(1) Со овој Деловник се уредува начинот на работа на Советот за координација и следење на процесот на Отворено владино партнерство и Националниот Акциски план за Отворено владино партнерство 2018-2020 година (во понатамошниот текст Советот), начинот на избор на ко-претседателите на Советот, нивните права и обврски, како и правата и обврските на членовите на Советот, организацијата и свикувањето на седниците, одлучувањето на седниците, начинот на отповикување и замена на членовите на Советот, начинот на формирање работни групи, комуникацијата и координацијата со засегнатите страни во рамките на иницијативата Отворено владино партнерство (во натамошниот текст: ОВП), како и комуникацијата и информирањето на јавноста за работењето на Советот.

### Член 2

(1) Советот е формиран со Решение на министерот за информатичко општество и администрација за формирање Совет за координација и следење на процесот на Отворено владино партнерство и Националниот Акциски план за Отворено владино партнерство 2018-2020 година со бр 03-1550/1 од 14.04.2020 , врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 6/19 и 110/19), а во врска со Насоките за управување и учество во иницијативата за Отворено владино партнерство и Стандардите за ко-креирање и дизајнирање на форум со повеќе засегнати страни.

(2) Советот е советодавно тело за ОВП на Република Северна Македонија, за координација и следење на развојот и спроведувањето на акциските планови (во натамошниот текст: АП), со клучна советодавна и одлучувачка улога во сите фази на процесот на ОВП, низ циклусот на планирање, во развојот на АП и во спроведувањето, следењето и известувањето за АП.

(3) Советот се формира за да се поттикне транспарентноста и отвореноста на работата на органите на државна управа и учеството на граѓанското општество во спроведувањето и следењето на иницијативата ОВП во Република Северна Македонија, да се обезбеди меѓусекторска соработка и да се воспостават јасни, структурирани и трајни механизми за постојан дијалог меѓу властите и граѓанското општество; да се зголеми учеството на граѓанското општество во процесите на ОВП и во подготовката на акциските планови за ОВП и за поддршка, поттикнување и следење на спроведување на тековниот акциски план.

(4) Задачи на Советот се:
- да го следи спроведувањето на Националниот Акциски план за Отворено владино партнерство 2018-2020 година,
- да разгледува и предлага извештаи за спроведување на АП, согласно роковите утврдени од Владата на Република Северна Македонија и меѓународната иницијатива,
- да разгледува и предлага насоки за унапредување на процесот согласно насоките кои произлегуваат од меѓународната иницијатива,
- да ја утврдува временската рамка и начинот на спроведување на процесот на ко-креирање на АП,
- да спроведува постапка на консултации за Предлог АП и го предлага АП за ОВП до Владата на усвојување,
- да обезбедува континуиран дијалог на органите на државната управа, граѓанските организации, бизнис секторот, академската заедница,

медиумите, и други претставници од засегнатата јавност за унапредување на стандардите за отвореност и транспарентност на властите.

(5) Советот своите задачи ги спроведува во тесна соработка со Националниот координатор за ОВП утврден со решение на министерот за информатичко општество и администрација со бр. 10/2-5355, 30.10.2018 година (во натамошниот текст: Национален координатор за ОВП).

## Член 3

(1) Седиштето на Советот е во Скопје, во седиштето на Министерството за информатичко општество и администрација, на Бул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54.

(2) Советот нема свој печат и штембил. Актите и службената коресподенцијата се заверуваат во архивата на Министерството за информатичко општество и администрација, со печат и штембил на Министерството.

## II. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА СОВЕТОТ

## Член 4

(1) Советот е составен од 14 члена со еднаков број членови од институциите и од граѓанското општество, во согласност со членот 4 од решението за формирање Совет за координација и следење на процесот на Отворено владино партнерство и Националниот Акциски план за Отворено владино партнерство 2018-2020 година.

(2) Секој член може да има свој назначен заменик.

(3) Советот е управуван од еден претставник од органите на државната управа и еден од избраните претставници од граѓанските организации (двајца ко-претседатели).

## Член 5

(1) Членовите на Советот имаат мандат до усвојување на Акцискиот план за Отворено владино партнерство за 2020-2022 година.

## 1. Конститутивна седница

### Член 6

(1) Конститутивната седница на Советот ја свикува Министерството за информатичко општество и администрација - Национален координатор за ОВП во рок од 30 дена по донесување на решението за назначување на членови на Советот. Советот може да се конституира ако на седницата присуствуваат мнозинството од членовите на Советот.

## 2. Избор на ко-претседатели на Советот

### Член 7

(1) Советот избира двајца ко-претседатели – еден од членовите кои ги претставуваат органите на државната управа и еден од членовите кои ги претставуваат граѓанските организации. Постапката за избор ја спроведува Националниот координатор за ОВП.
(2) Предлогот за избор на ко-претседател од органите на државната управа е на предлог на членовите кои ги претставуваат органите на државната управа, додека предлогот за избор на ко-претседател од граѓанските организации е на предлог на членовите кои ги претставуваат граѓанските организации.
(3) Предлозите за избор на ко-претседателите се даваат во усна или писмена форма, а редоследот на кандидатите се прави според азбучниот ред на презимињата на кандидатите.

### Член 8

(1) Гласањето за избор на ко-претседатели се спроведува јавно. По исклучок гласањето може да биде тајно, на ливчиња во иста боја и големина. Кога претседателите се бираат на видео седница или на дописна седница, гласањето може да се одвива само јавно.
(2) Прво се спроведува постапката за избор на ко-претседател од членовите кои ги претставуваат органите на државната управа, а потоа на ист начин се спроведува постапка за избор на ко-претседател од членовите кои ги претставуваат граѓанските организации.
(3) За ко-претседател на Советот од членовите кои ги претставуваат органите на државната управа е избран кандидатот за кој гласале мнозинството од

вкупниот број членови на Советот, при што треба да има мнозинство гласови од претставниците на органите на државната управа.

(4) За ко-претседател на Советот од членовите кои ги претставуваат граѓанските организации е избран кандидатот за кој гласале мнозинството од вкупниот број членови на Советот, при што треба да има мнозинство гласови од претставниците на граѓанските организации.

(5) Ако за една ко-претседателска позиција е предложен еден кандидат и ако при првото гласање не го добие потребното мнозинство гласови, се повторува целата изборна постапка.

(6) Ако за една ко-претседателска позиција се предложени двајца кандидати гласањето е тајно. Доколку за една ко-претседателска позиција се предложени двајца кандидати, членот на советот има право да гласа само за еден кандидат. Доколку член на Советот гласа за повеќе кандидати, неговиот глас ќе се смета за неважечки.

(7) Ако за една ко-претседателска позиција се предложени двајца кандидати и ако на првото гласање ниту еден од кандидатите не го добие потребното мнозинство гласови, гласањето се повторува откако кандидатите лично ќе се претстават и ќе одговорат на прашањата на членовите на Советот.

(8) Ако за една ко-претседателска позиција се предложени тројца или повеќе кандидати, гласањето се повторува за двајцата кандидати кои добиле најмногу гласови на првото гласање.

(9) Ако меѓу кандидатите со најголем број гласови има кандидати со ист број гласови, гласањето се повторува за сите кандидати со ист број гласови.

(10) Ако и на повторното гласање ниту еден од кандидатите не го добие потребното мнозинство гласови, целата изборна постапка се повторува на следната седница на Советот.

## 3. Ко-претседатели

### Член 9

(1) Советот има двајца ко-претседатели кои заседаваат со седниците наизменично, односно еден ко-претседател заседава со секоја втора седница.

(2) Ко-претседателите ги имаат следниве надлежности и задачи:

- раководат со работата на Советот;
- ги свикуваат седниците на Советот;
- ги насочуваат активностите со цел успешно следење на тековниот АП и ја насочуваат подготовката на следниот АП;

- соработуваат со сите релевантни чинители кои се вклучени во иницијативата ОВП на домашно и меѓународно ниво;
- ја следат реализацијата на донесените заклучоци и одлуки на Советот и постапуваат во случај на нивна недоследна примена;
- поттикнуваат и реализираат активности за зголемување на буџетот наменет за иницијативата ОВП;
- ја информираат Владата за степенот на реализација на АП и преземените обврски во ОВП иницијативата, и
- ја информираат јавноста за работењето на Советот и ја промовираат ОВП иницијативата.

## 4. Координација на ко-претседатели

### Член 10

(1) Ко-претседателите се среќаваат еднаш месечно заради координирање на нивните задачи и обврски кои произлегуваат од надлежностите на ко-претседателите, како и за да ги планираат и реализираат седниците на Советот.

(2) На координациите на ко-претседателите учествува и претставник на стручно-административната служба кој води записник, а на барање на ко-претседателите може да учествува и Националниот координатор за ОВП. По одржаната координација, членовите на Советот добиваат информација за заклучоците од координацијата и за распределбата на задачи и обврски помеѓу ко-претседателите.

(3) Закажувањето на координацијата на ко-претседателите го прави претставник на стручно-административната служба по електронски пат. Заедно со поканата за координација се доставува и информација за сите материјали, предлози и прашања кои биле упатени до Советот и до ко-претседателите во периодот помеѓу две координации.

## 5. Членови на Советот

## Член 11

(1) Сите членови имаат исти обврски и права:

- редовно да присуствуваат на средбите на Советот и да даваат активен придонес во неговото функционирање;
- да даваат предлози за успешна реализација и мониторинг на АП и промовирање на вредностите на ОВП;
- да ги пренесуваат заклучоците на Советот во работните групи по приоритети на АП и активно да прибираат предлози од работните групи;
- да спроведуваат консултации со засегнатите страни и надлежните институции;
- да ја промовираат ОВП иницијативата на домашен и меѓународен план и
- да учествуваат во други работи од надлежност на Советот.

## Член 12

(1) Членот на Советот кој од оправдани причини е спречен да присуствува на седница на Советот е должен за тоа благовремено да ги извести ко-претседателите на Советот и да определи свој заменик кој ќе биде упатен за ставовите на членот на Советот кој го заменува, но без право на глас на седницата.

(2) Членот на Советот кој од оправдани причини е спречен да присуствува на седница на Советот, може преку електронска пошта до ко-претседателите и стручно-административната служба на Советот да ги информира за своите ставови за точките на дневниот ред на закажаната седница.

## Член 13

(1) Членовите на Советот имаат права да поднесат известување за прекин на нивниот мандат, што се упатува усно на седница на Советот или по писмен пат до членовите на Советот.

(2) Мандатот на членовите на Советот прекинува и поради:

- отсуство од три седници на Советот во текот на една календарска година,
- работење и дејствување спротивно на одредбите на Законот за здруженија и фондации,
- работење спротивно на овој Деловник и
- прекин на работниот однос во државниот орган кој го претставува.

(3) Престанокот на мандатот Советот го утврдува на следната седница и за тоа го известува Министерството за информатичко општество и администрација и мрежата на ГО за ОВП.
(4) Постапка за избор на нови членови се спроведува на начинот утврден во членот 5 од решението за формирање Совет за координација и следење на процесот на Отворено владино партнерство и Националниот Акциски план за Отворено владино партнерство 2018-2020 година.
(5) Назначувањето нов член на Советот го потврдува Министерот за информатичко општество и администрација со решение.
(6) Постапката за избор на нов член се спроведува во рок од 40 дена од денот на донесувањето на одлуката за престанок на мандатот.

**Член 14**

(1) Членот на Советот има право и обврска да го претставува Советот во претходна координација со членовите на Советот и по овластување на ко-претседателите.

## 6. Национален координатор за ОВП

**Член 15**

(1) Националниот координатор за ОВП задолжително соработува со Советот со цел успешно спроведување на тековниот акциски план и успешно мониторирање на неговата имплементација.

(2) Националниот координатор за ОВП присуствува на седниците на Советот без право на глас.

(3) Националниот координатор за ОВП на седниците на Советот може да се вклучува во дискусиите за точките на дневен ред. Ко-претседателите ќе утврдат дали Националниот координатор за ОВП на седниците ќе се вклучува во дискусиите за точките на дневен ред пред тие да бидат исцрпени од страна на членовите на Советот или откако дискусијата по однос на точките на дневен ред ќе биде завршена од страна на членовите на Советот.

(4) Заради подготовка и информираност доставувањето материјали за седница до Националниот координатор за ОВП се врши на ист начин како и за членовите на Советот согласно член 17 на овој Деловник.

(5) Националниот координатор за ОВП добива информација за заклучоците од координацијата на ко-претседателите и за распределбата на задачи и обврски помеѓу ко-претседателите.

(6) На свое барање или на барање на ко-претседателите Националниот координатор за ОВП може да учествува на координациите на ко-претседателите, да споделува со нив информации од значење за имплементацијата на Акцискиот план и да дава предлози за работата на Советот.

## III. НАЧИН НА РАБОТА НА СОВЕТОТ

### Член 16

(1) Советот работи на седници кои ги свикуваат и со кои претседаваат ко-претседателите на ротирачка основа.
(2) Советот има редовни седници најмалку на три месеци (квартално), а по потреба, особено во периодот на подготовка на АП седниците може да се закажуваат почесто.
(3) Седниците на Советот ги свикуваат ко-претседателите.
(4) Седница на Советот се свикува и на барање на најмалку 5 членови на Советот, при што седницата ќе се закаже во првиот расположлив термин за членовите, но не подоцна од 15 дена од пристигнувањето на предлогот за одржување седница.
(5) Дневниот ред за седниците го упатуваат ко-претседателите на Советот, а негово дополнување може да се направи на предлог на другите членови на самата седница, доколку се утврди дека членовите располагаат со потребните материјали и информации за точката која дополнително се става на дневен ред.

## 1. Доставување материјали

### Член 17

(1) Материјалите за седницата на Советот предлагачите ги доставуваат преку стручно -административната служба на Советот најдоцна седум дена пред одржувањето на седницата.

(2) Поканата за седница, дневниот ред и материјалите за седница се дистрибуираат по електронска пошта до членовите на Советот пет дена пред одржувањето на седницата на Советот.

### Член 18

(1) Советот може да заседава и да одлучува кога на седница присуствуваат повеќе од половина од членовите на Советот.
(2) Седниците на Советот започнуваат со утврдување на дневниот ред, по што се усвојува записникот од претходната седница. Членовите на Советот имаат право да даваат забелешки и да бараат корекции пред изгласувањето на записникот.
(3) Записникот и актите на Советот се потпишуваат од страна на ко-претседателот кој раководел со седницата на која биле усвоени.

### Член 19

(1) Дискусиите на членовите на Советот не се временски ограничени, но, по исклучок, ко-претседателот што раководи со седницата може да му предложи на Советот поради обемноста на материјалите или на дневниот ред или итноста на одлуките, дискусиите да бидат временски ограничени.
(2) По затворањето на дискусиите по точките од дневниот ред, ко-претседателот што ја води седницата формулира заклучок. Заклучоците и дискусиите се дел од записникот кој го подготвува стручно-административната служба.
(3) За прашањата на дневен ред и за одлуките што ги носи Советот се гласа јавно, а одлуките се донесени доколку за нив гласале мнозинството од присутните членови на Советот, доколку со овој Деловник не е предвидено посебно мнозинство.
(4) Предлог акцискиот план за ОВП што се доставува до Владата се усвојува со мнозинство гласови од вкупниот број членови, при што треба за одлуката да гласаат и мнозинство од членовите на Советот што го претставуваат граѓанското општество.
(5) По исклучок, Советот може да одлучи да гласа тајно.

## 2. Дописно одлучување

### Член 20

(1) За итни случаи, за прашања кои не се сложени и не бараат елаборација, во време на епидемија или поради други здравствени или безбедносни причини, Советот може за да работи и да одлучува за прашање од својата надлежност по пат на дописни седници.
(2) Дописните седници ги свикуваат ко-претседателите.
(3) Материјалите за дневниот ред ги доставува стручно-административната служба преку официјалната електронска пошта наменета за комуникација на Советот и се сметаат за информации со ограничена употреба. Заедно со доставувањето на материјалите и на дневниот ред, се доставува и информација за тоа во кој рок треба да се даде мислење и да се гласа во однос на материјалите и точките на дневен ред. Рокот не може да биде пократок од четири часа ниту подолг од три дена.
(4) За закажаната дописна седница членовите на Советот, покрај со електронска пошта, стручно-административната служба ги информира и со смс порака или по мобилен телефон.
(5) Ко-претседателот на Советот може да ја прекине дописната седница или да ја прекине расправата по одделна точка и да реши расправата да продолжи на редовна или видео седница на Советот.
(6) Член на Советот може да побара за определен материјал да се расправа на редовна или видео седница на Советот. Ако таквото барање има поддршка од три членови од Советот се смета дека точката е повлечена од дневниот ред на дописната седница и се става на дневен ред на првата наредна седница на Советот.
(7) Од сите материјали, ставови и мислење упатени на дописните седници се води траен запис преку нивно архивирање.
(8) Ако пораката за дописна седница не е испратена на начин и во форма утврдени со овој Деловник, стручно-административната служба ќе побара од членот на Советот, во определен рок повторно да ја достави на начин и во форма во согласност со Деловникот. Пораката се смета за повлечена ако не е доставена во пропишаната форма и во утврдениот рок.

### Член 21

(1) Членовите на Советот преку официјалната електронска адреса за комуникација со Советот го даваат својот глас „ЗА“ или „ПРОТИВ“ прифаќање на материјалот. Гласањето „ПРОТИВ“ треба да биде образложено.
(2) Членот на Советот кој веќе го дал својот глас „ЗА“ прифаќање на материјалот не може да гласа „ПРОТИВ“ или да го повлече својот глас.

## 3. Видео седници

### Член 22

(1) Советот може да закаже и видео седница во случај кога треба итно да се расправа за некое прашање од неговата надлежност, а еден, повеќе или сите членовите на Советот се оневозможени од физичко присуство на седницата.
(2) За членовите на Советот ќе се организира видео седница доколку не се во можност физички да присуствуваат на седницата поради службено патување надвор од државата, а нивното учество на седницата поради нивната експертиза е од суштинско значење и доколку од здравствени или безбедносни причини при вонредна или воена состојба не се препорачува одржување на седниците со физичко присуство на неговите членови.
(3) Начинот на работа на Советот и доставувањето на материјали за видео седница се врши на ист начин и како и за редовна седница на Советот.

## 4. Работни тела

### Член 23

(1) За остварување на работите од својата надлежност Советот може да формира работни тела.
(2) Членството и работата во работните групи се заснова на доброволна основа без паричен надомест.
(3) Во работните тела може да учествуваат и надворешни членови предложени од страна на Советот. Работата на надворешните членови е исто така на доброволна основа и без паричен надомест.
(4) При формирањето на работното тело Советот назначува и негов координатор кој има право, по добиени мислења и насоки од Советот, да настапува во име на Советот пред државните органи, граѓански организации или други субјекти.

## 5. Јавност на работата

### Член 24

(1) Седниците на Советот се јавни.
- На седниците на Советот може да присуствуваат претставници на:
- работните групи по приоритетите утврдени со АП,
- граѓанското општество,

- државите институции,
- независниот механизам за известување,
- други субјекти вклучени во ОВП,
- меѓународните организации,
- средствата за јавно информирање
- и други заинтересирани субјекти.

(2) Присутната јавност на седниците на Советот може да се вклучуваат во дискусиите за точките на дневен ред. Ко-претседателите ќе утврдат дали присутните на седниците ќе може да се вклучуваат во дискусиите за точките на дневен ред пред тие да бидат исцрпени од страна на членовите на Советот или откако дискусијата по однос на точките на дневен ред ќе биде завршена од страна на членовите на Советот.

(3) Присуството на јавноста се најавува и спроведува во согласност со прописите за внатрешен ред на МИОА.

(4) Советот ќе вложува напори да ги пренесува седниците во живо или со објавување видео од седниците во зависност од техничките и финансиските капацитети на Советот и буџетот наменет за ОВП.

(5) Советот во исклучителни ситуации може да одлучи јавноста да биде делумно или целосно исклучена од седницата на Советот. За исклучување на јавноста се одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број членови што го претставуваат граѓанското општество.

### Член 25

(1) Информации за структурата на Советот, надлежностите, информации за седниците на Советот, видео записи од седниците, усвоените записници и акти се објавуваат на веб страницата на МИОА во делот наменет за ОВП.

## 6. Стручно-административна служба

### Член 26

(1) Стручните и административните работи за Советот ќе ги спроведува тело во МИОА под раководство на Националниот координатор за ОВП, во консултација со ко-претседателите на Советот и со поддршка од членките на мрежата на граѓански организации и организацијата - координатор на мрежата.

(2) Стручните и административните работи опфаќаат: подготовка на извештаи за спроведување на АП, на предлог временската рамка и на предлог за спроведување на процесот на ко-креирање на АП, спроведување консултации и подготовка на предлог акциски план, како и и административна и логистичка поддршка на активностите на Советот.

(3) Стручно-административната служба ги врши и следниве задачи:

- им помага на ко-претседателите при подготовката и организацијата на седниците на Советот;
- ги подготвува записниците од седниците на Советот;
- одржува електронска база на податоци за работењето на Советот и ги објавува потребните документи и информации на интернет страницата на МИОА во делот на информации за ОВП во согласност со овој Деловник;
- им помага на ко-претседателите во спроведувањето на одредбите од овој Деловник.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 27**

Овој деловник влегува во сила со денот на донесување.

Бр. _______________
_._.2020 година

Скопје

Ко-претседател на Советот
за координација и следење на
процесот на
Отворено владино партнерство и
Националниот Акциски план за Отворено
владино партнерство 2018-2020 година